# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ

# ЗА ПЕРИОДОТ

# ЈУНИ 2008 – МАЈ 2009

**ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ**
**И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ НА РМ**

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ

# ЈУНИ 2008 – МАЈ 2009

**СОДРЖИНА:**

**ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ**

**I. ПРОГРАМА:ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА** 4

**II. ПРОГРАМА: ЈАВНА ПОЛИТИКА И ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ** 8

**III. ПРОГРАМА: ЖЕНИ И ЗДРАВЈЕ** 11

**IV. ОДДЕЛ ЗА РАЗВОЈ** 13

**ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ** 15

# I. ПРОГРАМА: ЖЕНСКИ ЧОВЕКОВИ ПРАВА

## Зајакнување на капацитетите на постоечките центри за правна помош

### Обезбедување на бесплатна правна помош и судско застапување

За време на периодот на известување, Центрите за правна помош на ЕСЕ продолжија со обезбедување на професионални услуги, советување, психо-социјална поддршка и судско застапување. Во периодот 30.06.2008 – 01.05.2009, вкупно 194 клиенти ги користеа услугите на Центарот за правна помош во Скопје, од кои на 153 клиенти им беше обезбедена психосоцијална поддршка, а на 153 им беше пружена правна помош.

Ако се направи споредба на основа на видот на обезбедената правна помош, состојбата е следна: 110 барања за иницирање на бракоразводна постапка, 110 барања за алиментација, 56 барања за имотно-правни односи, 7 барања за старателство, 4 барања за посвојување и 4 барања за покренување на кривична постапка.

### Визуелизација на работењето на центрите

За време на периодот на известување во еден од пишаните медиуми (Теа Модерна) беа објавени четири огласи за промовирање на функционирањето на Центрите за правна помош како и на Здравствениот информативен центар на ЕСЕ.

## Превенција и елиминација на семејното насилство во Македонија

### Подготовка на заеднички протокол за справување со случаите на семејно насилство

Во периодот мај- декември 2008, беа организирани неколку работни средби во насока на подготвување на заеднички протокол за справување со случаите на семејно насилство. Беа организирани три работни средби со членовите на работната група (претставници од секоја вклучена институција). Во ноември, 2008 г. беше организиран широк консултативен состанок, како и дополнителни индивидуални состаноци со претставниците од Министерството за труд и социјална политика и Министерството за внатрешни работи.

Овие средби резултираа во финализирање на индивидуалните протоколи на поединечните министерствата и организациите, со исклучок на Министерството за здравство. До овој момент, сеуште ја очекуваме финалнта верзија на протоколот од ова министерство. По доставување и

инкорпорирање на овој протокол, заедничкиот протокол ќе биде доставен на усвојување до Владата на Р.Македонија.

**Воспоставување на програма за поддршка за жртвите на семејно насилство**

Посебно значајно е да се нагласи дека за прв пат во нашата земја беше воспоставена програма за поддршка ( психолошко советувалиште) за жртвите на семејно насилство. Програмата за поддршка е воспоставена за сите жртви на семејно насилство кои се подготвени да го спречат кругот на насилството и одлучат да го променат својот живот. Во оваа насока, програмата за поддршка е специјализирана форма на професионална помош и поддршка која ја обезбедуваат професионалните структури кои ги водат жртвите низ процесот на стекнување на автономија при носењето на одлуките и којашто ќе им помогне да излезат од кругот на насилство и напуштање на позицијата на „жртва“ во нивниот сегашен, како и во следни интимни врски во нивниот живот воопшто. Советувалиштето претставува безбедно место за дискусија, каде во атмосфера ослободена од предрасуди и осуди, жртвите на семејно насилство имаат можност да ги споделат своите лични искуства, да се здобијат со вештини и знаење за подобрување на самодовербата, одлучноста и сигурноста. Тоа претставува место каде жртвите зајакнуваат; ги анализираат своите проблеми и учат како да направат добар избор за себе и нивните деца.

Пред воспоставувањето на програмата за поддршка, беа имплементирани неколку активности, и постигнати неколку резултати. Имено, проектниот тим на ЕСЕ вклучи надворешни експерти за подготовка на програмата за работа на ова советувлиште. Резултатот од оваа активност е финализирана програма за работа со психолошкото советувалиште, водич за професионалците коишто работат со случаите на семејно насилство како и дополнителни инструменти (прашалници) за оценување на ризиците и потребите на жртвите. Паралелно со овој процес, во соработка со Меѓуопштинскиот центарот за социјална работа во Скопје технички беше адаптирана и опремена просторија за работење на ова советувалиште.

Отпочнувањето на работата на советувалиштето беше објавено на конференција за печат организирана на 22.04.2009. На присутните од медиумите им се обрати г-ин Џелај Бајрами, министер за труд и социјална политика, Н.Е. Алоис Краут, амбасадор на Р.Австрија во Р.Македонија, Јасминка Фришчиќ, извршна директорка на ЕСЕ и Марија Роесшулмер, извршна директорка на WAVE. На конференцијата за печат беше истакната важноста на ваквиот тип на услуги , како и успехот од размената на искуства и позитивни практики меѓу двете земји, а особено меѓу партнерите во проектот ЕСЕ и WAVE.

**Проценка на капацитетите на македонските женски засолништа**

На 19.11.2008 беше организирана посета на засолништата како прв чекор во проценката на капацитетите на засолништата во Р.Македонија. Претставници од ЕСЕ, WAVE и Акција Здруженска посетија еден од државните засолништа и една невладина организација која обезбедува засолниште. Оваа активност беше имплементирана во согласност со временската рамка на проектот.

Општите заклучоци од посетата се следни:

- Средствата алоцирани за функционирањето на засолништата не се доволни за нивно ефективно работење;
- Не се запазени минимум стандарди за функционирање на засолништата;
- Безбедноста и сигурноста во засолништата е на ниско ниво ;
- Нема специјализирани програми за работа со жртвите;
- Нема посебен персонал или програми за работа со деца;
- Нема воспсоставено постојан надзор врз вработените во засолништата.

По иницијалната посета, проектниот тим на ЕСЕ оддржа работен состанок со австрискиот партнер  WAVE кој има искуство во работа со женски засолништа. Фокусот на овој состанок беше ставен на ревидирање на постоечкиот прашалник (инструмент за проценка) за вработените во засолништата, инаку подготвен од WAVE и можноста за негова примена во процесот на проценка во Македонија. Освен ова, проектниот тим на ЕСЕ е вклучен во подготовка на прашалник за жртвитете сместени во засолништата, како и вработените во Центрите за социјална работа.

Подготвените прашалници ќе бидат основа за спроведување на интервјуа со вработените во засолништата и Центрите за социјална работа, како и за жртвите на семејно насилство сместени во засолништата.

## Едукација на професионални структури

Во периодот 21-23.04.2009 во Скопје се реализираше првата обука за професионални структури за работа со жртви на семејно насилство. На обуката присуствуваа 20 претставници од Центрите за социјална работа, претставници од МВР и граѓански организации – кои обезбедуваат директни услуги за жртвите.

Основа за мултидисциплинарната едукација е претходно развиениот концепт за обука (три дневен модул за обука) кој вклучува: општ дел за семејно насилство и неговата феноменологија и практичен дел што се однесува на интревју за психосицијална поддршка на жртвите во процесот на институционална и правна заштита. Важно е да се нагласи дека концептот вклучува теоретски и практични сесии, со висок степен на интеракција како и размена на искуства меѓу учесниците. Исто така, вклучените обучувачи се дел од веќе воспоставената група на обучувачи за овој концепт на обука. Паралелно со ова, претставниците од WAVE беа присутни како надворешни експерти кои го претставија австриското искуство и постоечките норми и стандарди за заштита на жртвите на меѓународно ниво.

За време на обуката беа постигнати следните резултати:

- Зголемено знаење помеѓу професионалците за проблемот на семејно насилство, неговите различни форми и динамика;
- Добиено практично знаење за поддршка на жртвите кога тие го пријавуваат насилството;
- Размена на искуства помеѓу различните професионални структури;
- Зголемено ниво на координација помеѓу институциите.

## II. ПРОГРАМА: ЈАВНА ПОЛИТИКА И ДОБРО ВЛАДЕЕЊЕ

### Отворени заедници

ЕСЕ продолжи со имплементација на континуирано советување на руралните жени во три општини: Кочани, Прилеп и Гостивар. Главните резултати од овие активности беа: обучени повеќе од 70 жени за вештини за јавна политика, граѓанско учество, создавање на локални акциски планови неопходни за мапирање на општинските рурални проблеми и сугестии за зајакната соработка помеѓу нив и структурите од локалната власт. Овие советувања (2 советувања во општина), доведоа до зголемена свесност за општинските политики и начините како да се учествува во истите.

Иако овие советувања беа успешен пример за децентрализацијата и оддржливиот развој, сепак се дојде до заклучок дека сеуште има простор за подобрување, како и до заклучокот дека треба да се учи повеќе од индивидуални искуства и истите да се преточат во практични активности. Имено, потребни се дополнителни анализи со цел да се разбере како децентрализацијата може да игра продуктивна улога во поддршката на руралните жени и маргинализираните групи и за тоа како Владата и носителите на одлуките треба да пристапат кон овие процеси.

Со цел да се развијат и применат нови методи на мониторирање и проценка на политиката на децентрализација,локалната власт треба да пристапи кон интензивен процес на стратешко планирање. Во тој контекст, локалните власти треба да работат на нови иницијативи и стратегии за намалување на сиромаштијата кои би ја истакнале улогата на локалните власти во искоренување и намалување на сиромаштијата. Сепак останува нејасно во практиката како локалните власти може да го сторат ова преку поддршка на развојот на бизнисот и претприемништвото. Градењето на капацитетите во однос на човечки ресурси како и финансиската поддршка беа честопати цитирани како главна пречка во зајакнување на процесот на успешна децентрализација.

За таа цел, има потреба за континуирано градење на капацитетите и техничка поддршка со цел постигнување на напредок во оваа овласт. Најпосле, децентрализацијата е комплексен и развоен процес што бара трпение и посветеност на сите релевантни фактори во локалната заедница, но исто така и механизам за подобрено демократско владеење и оддржлив развој.

**ЕУ интеграција**

Со цел да се зајакнат капацитетите на младите луѓе од политичките партии, ЕСЕ во периодот на известување организираше обука за 20 претставници од различни партии за процесот на ЕУ Интерграција и користење на предпристапни фондови на ЕУ. Имено, беа опфатени следниве области: 1.Програми на заедницата 2.ИПА фондови, 3.Мапа за родова еднаквост и релевантни директиви 3. Локалното владеење во ЕУ и предизвиците за Македонија и 4.Развивање и дизајнирање на политики преку политичкиот циклус. Учесниците беа главно од партиските ограноци од Скопје и покрај половата структура на учесниците, се водеше сметка и за нивната етничката застапеност. Во следниот период учесниците ќе го пренесат своето знаење на колегите во нивните партии и како последна фаза од оваа програмска компонента, тие треба да иницираат заеднички проект во однос на Евро интеграциите, со посебен акцент на младите луѓе.

Оваа активност ќе придонесе не само кон градење на капацитетите на младите луѓе, но и во здружувањето и градењето на сојузништва меѓу различните политички партии во Р.Македонија. Овој проект како заедничка иницијатива на политичките партии, ќе биде промовиран следната година за Денот на Европа, 9ти Мај 2010.

**Зајакнување на капацитетите на општинските претставници за концептот на човекови и малцински права и креирање на политики во мулти-етнички заедници**

Во рамките на оваа компонента, ЕСЕ во периодот на известување имплементираше три активности со цел градење на капацитетите на претставниците од општините, претставниците на канцеларијата на заменикот Народен правобранител од Тетово и Куманово и релевантни НВО. Во оваа насока беа превземени следниве активности: 1.Формирање на надзорен одбор 2.Формирање на тим за обука и подготовка на материјали за обука и 3.Отпочнување со имплементација на првата од трите обуки. Обуките организирани во рамкаата на оваа програмска компонента се однесуваат на следните теми:

- √ Концепт на човекови права и правни стандарди за заштита на женски човекови права и недискриминација;
- √ Обука за родов концепт, родова еднаквост во локалната власт , преку елаборација на законот за еднакви можности, националниот акционен план за родова еднаквост како и државната машинерија што постои на национално и локално ниво и

√ Управување со етнички различности, малцински права и механизми за креирање на политики во етнички мешани средини.

За потребата на обуките беа подготвени потребните материјали за обуки и истите беа адаптирани на локалните потреби на целната група, односно претставниците од општините, канцеларијата на заменикот Народен правобранител и релевантни НВО од Тетово и Куманово.

## III. ПРОГРАМА: ЖЕНИ И ЗДРАВЈЕ

### Женски здравствен информативен центар (ЖЗИЦ)

Во периодот на известување, вкупно 91 клиенти го посетиле ЖЗИЦ, од кои 2 се мажи. Клиентите се обраќаа во центарот за здравствени совети или ги користеа директните улуги кои ги нуди ЖЗИЦ. Од вкупниот број на клиенти , 49% се обратија до ЖЗИЦ за проверка на гликоза, триглицериди и холестерол. Повеќето од клиентите кои се обратија до центарот беа жени од кои 12% од нив бараа совети за сексуално-преносливи болести ; 10% за општи здравствени проблеми; 9% за здравствени прашања во периодот на менопауза; 5% за хипертензија; 4% за остеопороза; и мал број на жени се обратија за совети што се однесуваат на контрацепција, бременост, стерилитет и менструални проблеми. Од клиентите кои се обратија до ЖЗИЦ за проверка на крвта, во 29% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на шеќер во крвта, во 48,3% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на холестерол, и во 65,5% од случаите беше дијагностицирано високо ниво на триглицериди. Во сите овие случаи, клиентите беа упатувани на преглед кај нивните матични лекари со цел да се направат дополнителни испитувања и дијагнози.Сите жени-клиенти кои беа на возраст над 45 години добија витамини богати со калциум и витамин Д, важни за превенција од остеопороза. На 7 жени им беше обезбедена директна финансиска помош со цел купување на потребните лекови.

### Студија за репродуктивно здравје

Со цел успешно имплементирање на студијата како и обезбедување на експертска помош во подготовката на финалната студија, ЕСЕ склучи договор за соработка со Специјалистичкото здружение на лекари по социјална медицина со организација на здравствена дејност, односно претседателката на Здружението Д-р Елена Ќосевска. За потребите на истражувањањето беа подготвени посебни прашалници за мажи и жени. Анкетарите беа идентификувани од страна на Специјалистичкото здружение на лекари по социјална медицина, и беше оддржана обука за анкетари. Во овој период беше спроведена пробната фаза на истражување, односно беа тестирани подготвените прашалници. ЕСЕ одлучи анкетарите да спроведат интервјуа на пробен примерок од 20 лица ( машко и женско) по анкетар. Пробната фаза на истражувањето опфати репрезентативен примерок на 2500 лица од целата територија на Р.Македонија. Анкетарите моментално ја спроведуваат првата фаза од интервјуата.

## Активности кон подобрување на Ромското здравје

**1.** ЕСЕ работеше на пренесување на знаење и искуство на новите ромски невладини организации, во однос на прашањето за подобрување на ромското здравје. За да се оствари оваа задача, ЕСЕ подготви брошура од претходни активности и искуства што ЕСЕ ги имаше за време на имплементацијата на проектите "Здравје за сите, здравје за Ромите". Брошурата ќе биде отпечатена од страна на ФОСИМ –Македонија и ќе биде широко достапна на сите заинтересирани невладини организации кои работат или ќе работат на ромските здравствени прашања. Исто така, беше оддржан дводневен семинар за пренесување на знаења и искуства за Ромските невладини организации на кој беа присутни претставници од 5 ромски НВО кои работат на родови прашања во ромската заедница.

### 2. Еднаков пристап кон здравствена заштита

Главната цел на овој проект е да се подобри опфатноста со имунизација помеѓу ромските деца. ЕСЕ работи на овој проект како партнерска организација, заедно со НВО „Месечина" од Гостивар. Како дел од овој проект, ЕСЕ оддржа дводневен семинар на тема "Здравје, здравствена политика и финансирање на здраствената заштита" за членовите од партнерската организација. Оваа обука имаше за цел градење на капацитетите на членовите од Месечина на гореспоменатите теми. ЕСЕ ги подготви прашалниците и репрезентативниот примерок за студијата. Целта на студијата е да се утврди процентот на Ромските деца кои воопшто не се опфатени или не се целосно опфатени со Програмата за имунизација, како и да се идентификуваат можните причини за ваквата ситуација.ЕСЕ исто така зеде учество во организирање и подготовка на состанок со релевантните носители на одлуки во однос на опфатноста на Ромските деца со програмата за имунизација. На состанокот присуствуваа претставници од Министерството за здравство, Институтот за јавно здравство и Заводот за здравствена заштита  на мајки и деца. Координаторот на програмата за жени и здравје присуствуваше на две работилници на тема Анализа на здравственото буџетирање и процес на набљудување, организирани од ОСИ-Њу Јорк и ЦЕГАА – Јужна Африка. Овие работилници се дел од процесот на градење на капацитетите во рамките на овој проект.

## IV. ОДДЕЛ ЗА РАЗВОЈ

### Односи со потенцијални донатори и поддржувачи

ЕСЕ, како и секоја друга организација која бара поддршка од индивидуалци или домашни компании има а цел да стане омилена организација на донаторите. За да се изгради оваа лојалност, бидејќи овој процес е во почетна фаза во Македонија, ЕСЕ ги користи најадаптибилните и најпримеливите стратегии за развој на поблиски односи со донаторите. Тие се директна пошта (информативен леток-писмо), плаќање на членарина, организирање на настани за прибирање на средства и кампањи.

### *Информативен леток – писмо*

Во јануари, 2009 беше испратено писмо за прибирање на средства на македонски јазик на индивидуалци и компании. Покрај општата информација за проблемот на семејно насилство и објаснување на активностите и статистиките од нашите Центри за правна помош (број на жртви што побарале правна и психосоцијална поддршка, број на жени, број на невработени и број на оние на кои им е обезбедено бесплатно судско застапување ) и нота на благодарност на оние кои не поддржаа минатата година со барање за нови донации потпишани од страна на извршната директорка на ЕСЕ , на задната страна на писмото е исповед на А.Б., 56 годишна жена, жртва на семејно насилство, клиент во центарот за правна помош на ЕСЕ. Задоволна од услугите на ЦПП, таа се согласи да ја сподели својата приказна. За олеснување на процесот на донирање ЕСЕ подготви однапред испечатена уплатница со потребните информации за донирање (име на организацијата, име на банката и сметката) која беше доставена заедно со писмото, со цел поддржувачите да го пополнат само своето име и донираната сума. Како резултата на испратеното писми беа донирани вкупно 33.000,00 денари од четири компании, три индивидуалци и една невладина организација.

### *Кампања*

Овогодинешните напори за прибирање на средства беа планирани преку кампањата врата до врата, како нов концепт за оваа дејност. Поради високите трошоци потребни за реализација за овој тип на кампања, ЕСЕ подготви предлог-проект со цел да ги обезбеди неопходните средства. За оваа намена беше подготвен и поднесен детален план за организација на кампањата за прибирање на средства до Македонски телекомомуникации. За жал, барањето не беше одобрено и затоа кампањата, инаку прва од ваков вид, не се реализира.

***Новогодишна забава за децата на жртвите на семејно насилство***

Почнувајќи од крајот на 2006 година, ЕСЕ организира новогодишна забава за децата на жртвите на семејно насилство, клиенти во Центарот за правна помош на ЕСЕ или жените-жртви на семејно насилство сместено во засолништата. Оваа година забавата беше организирана на 29.12.2008. Близу  40 деца,  со нивните мајки беа присутни на прославата. Традиционално, подароците за децата беа донирани од компанијата „Кенди“ , инаку долгогодишен партнер/донатор на ЕСЕ. Двајца претставници на оваа компанија присуствуваа на новогодишната забава што овозможи директен контакт и комуникација со оние кои ја добија нивната поддршка. Како резултат на овој директен контакт, за неколку жртви беше обезбедена дополнителна помош од истата компанија, односно поддршка за 6- годишно дете на жртва на семејно насилство како и една шестчлена фамилија.

**Активности кон подобрување на односите со јавноста и градење на партнерства со стратешки домашни и регионални партнери**

Втора цел во рамките на програмата за развој е подобрување на односите со јавноста на транспарентен и одговорен начин.Во рамките на оваа активност реалзирани се повеќе активности.

***Годишен извештај***

Подготвен е годишен извештај за работата на ЕСЕ во периодот 2008-2009 година. Извештајот во моментов е во фаза на дизајнирање и подготовка за печатење.

***Хостирање и надградување на веб страница***

Во континуитет ЕСЕ ја надградува македонската веб страна www.esem.org.mk. Исто така, оваа година се подготви и воедно се операционализира англиската верзија на веб страницата на ЕСЕ. Истото се однесува и на тематската веб страница www.semejnonasilstvo.org.mk посветена на обезбедување на сеопфатна информација на полето на семејното насилство. Оваа веб страна служи за информирање на јавноста како и за сите професионални структури кои работат на ова поле.

# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЕСЕ ЗА ПЕРИОДОТ СЕПТЕМВРИ 2008 - АВГУСТ 2009

## Преглед на планирани приходи и реализирани трошоци по програмски активности 2006-2009

| I. Трошоци по програми | Планирани во € | Планирани во МКД | Реализирани во МКД 2008-2009 |
|---|---|---|---|
| Програма здравствена едукација | 94.489,00 | 5.795.104,92 | 1.056.829,00 |
| Програма Женски човекови права | 155.774,00 | 9.553.774,80 | 3.210.925,50 |
| Програма учество на жените во политиката и одлучувачките структури | 54.509,00 | 3.343.091,47 | 894.977,50 |
| Одделението за развој | 62.276,00 | 3.819.449,35 | 714.626,00 |
| Административни трошоци на канцеларијата | 128.652,00 | 7.890.355,81 | 2.209.859,50 |
| Резерва | 4.300,00 | 263.723,00 | / |
| ВКУПНО | 500.000,00 | 30.665.500,00 | 8.087.217,50 |

| ПРИЛИВИ | |
|---|---|
| **Вкупни приливи во МКД** | **8.730.521,00 МКД** |
| **Приливи во девизи** | **130.900,00 ЕУР** |
| **Продажба на девизи** | **5.883.160,00 МКД** |
| **Учество на ЕЕД во вкупниот износ на прилив 09.2008-08.2009** | **5.883.160,00 МКД** |
| **Процентуално учество на ЕЕД** | **72.54 %** |
| **Непотрошени средства од претходната програмска година** | **/** |
| **Приливи за реализација на програмски активности 2008-2009** | **8.730.521,00 МКД** |
| **Програмски трошоци 2008-2009** | **8.087.217,50 МКД** |
| **Остаток за наредна програмска година (програмски активности)** | **643.303,50 МКД** |

| ПРИХОДИ ОД ДРУГИ ИЗВОРИ | |
|---|---|
| **Членарини** | **6.500,00 МКД** |
| **Донации** | **35.160,00 МКД** |
| **Камати од државни обврзници** | **31.734,00 МКД** |
| **Сопствени приходи – консултантски услуги** | **376.315,00 МКД** |

**Извештај за извршен увид во приливот на средства од ЕЕД и нивното трошење во периодот од август 2008 до август 2009 година**

1. Извршен е увид во финансиските извештаи кои се однесуваат на периодот август 2008 до август 2009. Средствата примени од ЕЕД (траншите во рамките на проектот 20060237Г ) предвидени се за трошоци за третата година од Програма за работа (2006-2009). Увидот во документацијата за направените трошоци извршен е за да се даде мислење за финансиските извештаи за овој период. Користејќи ја Македонската законска регулатива, која е во согласност со Меѓународните сметководствени стандарди се потрудивме да видиме и утврдиме дали финансиските извештаи (планирани и потрошени средства) не содржат материјално значајни грешки и се поткрепени со веродостојни материјални докази. Испитувањата беа спроведени на основа на тест на евиденцијата која ги поддржува износите во финансиските извештаи.

2. Веруваме дека нашиот увид во документацијата претставува разумна основа за нашето мислење.

3. Според нашето мислење, финансиските извештаи даваат вистинска и точна слика за изворите и користењето на средствата од девизната сметка на Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените на РМ, добиени од ЕЕД во рамки на проектот 20060237Г Програма за работа за периодот 2006-2009, во согласност со Меѓународните книговодствени стандарди, Македонската законска регулатива и целите на програмата.

4. Во однос на извештаите за трошоците:

   а) Сите трошоци се направени за спроведување на активностите за реализација на програмските цели, водејќи сметка за економичноста, ефективноста и нивната намена;

   б) Документација е адекватно чувана со цел да ги поткрепи направените трошоци;

   в) Направените трошоци и набавената опрема поткрепени се со договори и фактури.

Скопје, септември 2009 год.

Увидот го изврши:

Горан Цоневски